РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1405/2

05-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 54-тата седница одржано на 02.11.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-1405/1 од 01.04.2021 година, за ископ на песок и чакал во атарот на село Горно Коњари, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување поради тоа што ДКСК веќе има постапувано и донесено одлука по предмет со исти наводи.

Предметот со број 12-1405/1 од 01.04.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 01.04.2021 година, поднесена е пријава за ископ на песок и чакал во атарот на село ---------------- и оформен е предмет број 12-1405/1 од 01.04.2021 година.

Пријавата преставува копија од пријава поднесена до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на ден 24.01.2020 година. Во истата, се наведува дека во атарот на село ------------------- од коритото на реката --------- на потег од 3 км се врши ископ на песок и чакал по издадени дозволи со времетраење од две години. Во пријавата се наведува и дека подносителите во текот на 2019 година доставиле повеќе претставки до Општина -------------------, Министерството за животна средина и просторно планирање, до Владата, до Државниот инспекторат за животна средина и до Инспекцискиот совет. Во продолжение се наведува дека со овој ископ се менува водотекот на реката, се сечат дрвја со што се зголемува ризикот од ерозија на земјиштето и се нарушува постојниот еко-систем, претставува опасност за прекин на снабдувањето со вода за пиење, и ризик од уништување на огромна површина на обработливо земјиште по течението на ---------, од селото ---------------------- до селото ----------------. Се изразуваат и сомневања дека: во случајот се работи за остварување на финансиски интерес на поединци од Министерството за животна средина и просторно планирање, АД Водостопанство и правните лица со кои истото има склучено договори; во студијата за влијанието врз животната средина се дадени неточни податоци; проектот за добивање на дозволата е изработен од правни лица во сопственост на татко и

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

син при што АД Водостопанство нема објавено јавен повик и нема оперативен план за заштита од поплавен бран; спротивно на дозволата -------------------- вклучува други правни лица во експлоатацијата – ------------------------ ДОО Скопје и спротивно на дозволата се сечат дрвја од заштитни појаси и се копа од бреговите на реката.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека веќе има постапувано по наводите од посочената пријава во предмет со број 12-425/1 од 26.01.2021 година за што на 49-тата седницата на ДКСК, одржана на 07.06.2021 година донесена е Одлука за запирање на постапувањето по наводите од посочениот предмет поради надминување на состојбите, односно одземање на концесија за ископ на песок на наведената локација, а по надлежно постапување на Државниот инспекторат за животна средина, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: К.Н., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**